Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 07-11-2022

| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 04 | 1214 | /7 | |

Бр. 02-993/37
27.10.2022 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Универзитетскиот сенат на 24. седница одржана на 27.10.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Емил Заев,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Машински факултет - Скопје, во наставно-научната област:

- *автоматика (21422);*
- *животна средина (22500).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Сашо Еленчевски**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

ДН:

- Машински факултет - Скопје
- проф. д-р Емил Заев

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: Родне Павлова

Машински факултет
Број 02-1214/6
6.10.2022 год.
Скопје

Во акта - Арх. знак: 0202
Рок на чување трајно год.
06.10.2022 год. Потпис,
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 и 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области Автоматика и Животна средина на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 29-та редовна седница одржана на 6.10.2022 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање редовен професор

Вонреден професор д-р Емил Заев, се избира во наставно-научно звање редовен професор во научните области Автоматика 21422 и Животна средина 22500 на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Со изборот во редовен професор именуваниот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Одлуката за избор да се достави до Универзитетскиот сенат за донесување на одлука за потврдување на изборот во редовен професор.

## О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машински факултет во Скопје, на 16.08.2022 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области Автоматика 21422 и Животна средина 22500.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Емил Заев, вонреден професор на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 6.10.2022 година, изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1268 од 15.09.2022 год., со мнозинство од 44 гласа од присутни 44 од вкупно 55 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која вонреден професор д-р Емил Заев се избира во наставно-научно звање редовен професор во научните области Автоматика 21422 и Животна средина 22500.

Одлуката да се достави до: Универзитетот, именуваниот, општа служба - досие, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: Н.Алексиќ